

Фото: М.Џ.

СВОЗ на МПЦ од СПЦ И ГПЦ, итн.

# Мегафоните за одбрана ни се во срцата

## Или?

„Србите го претераа , што сакаат тие од нас?", вели еден пензионер.

„Моооре, што правиме со ова Србиштата!", дилематизира една докторка.

„Уа, Срби и Грци, македонско име нема да загине!", воскликнува патриотот и го вее знамето на Македонија на Градскиот плоштад.

„МПЦ била и ќе биде, Христос нè чува!", воскликнуваат некои свештеници. Политичарите се возбудени, даваат изјави. Ловат матни сценарија. Предвидуваат. Читаат туѓи мисли. Нудат декларации за поддршка на МПЦ. Некои други одбиваат. Тодор Петров прави митинг.

Атмосферата е зовриена. Некое чудно заедништво, чудно за македонската нација, лебди во воздухот. Дел од весниците коментираат: *Нашиūе владици се никакви. Пеūар е ūро- ваков, Наум ūро- онаков, Кирил е ūроблемаūичен, Тимоūеј е оф леле, Сūефан е ūолиūичко решение... - Така е!*, возвикнуваат плејада мажишта и женички: - *Така е, наūишаноūо е ūочно. Владициūе ūреба да се расчинаū!*, крикнува еден млад човек, и продолжува: *за никаде се. - Народоū ūреба да си избере свои нови духовници, вака веќе не оди рабоūава!*, викаат и никого не сакаат да слушнат трети.
По многу напнато напнување настапува молк. *Може ли да ūрашам*, прашав. Добив дозвола, па срамежливо се обратив: *'Луѓе, ако никој не чини, ūоѓаш вие им даваūе за ūраво на Србиūе дека се во ūраво. Можеби сосūојбиūе внаūре не ни се идеални, но шūо со ваквиūе коменūари, на волкоū му ја сūаваме соūсūвенаūа ѓлава в усūа?'*
- *Уааа, ūуштеūе ѓо, ūој е забеѓан*!!! (тоа е термин за верник во цивилство)
Дојде Недела. Отидов на литургија. По патот си помислив дека барем оваа Недела ќе има повеќе народ на нашето заедничко славење на Бога. Си помислив ако ништо друго Србите ѝ направија реклама на МПЦ, па сега ќе има повеќе верници на Златоустовата Литургија.
На моменти сум глупаво наивен. Во Црква си бевме истите!
Каде и како се брани МПЦ? Преку мегафоните или на литургија, со зборови или во срцата?

## ПАПАТА ВО ХРВАТСКА! ПАТРИЈАРХОТ ВО МАКЕДОНИЈА?

Папата беше и се врати. Хрватите го примија и го испратија со сите почести. Можеби сето тоа велелепие за некого е претерување, но народот очигледно уживаше во таа папска визита.

*Пријателе*, прашувам еден свој колега, *како ние би го пречекале Вселенскиот Патријарх?*
*- Веројатно поскромно, со коментари кој е, каков е и зошто не ја признава МПЦ. Претпоставувам дека ќе има и многу отровни стрели насочени кон неговата личност, но каква ни е маката такво ќе биде и гостопримството*, одговара тој.

…Би сакал да дојде Вселенскиот Патријарх, па да појде во два-три храма Божји, ама да не може да се размине од реки луѓе, од колони литургичари, од деца, жени и старци. Би сакал Патријархот да ја види таа слика, да види насолзени очи, па да се насолзат и неговите и да си помисли - ‘Овие луѓе живеат живот, убав живот, христијански живот’. Ееееe, тогаш би му поставил само едно прашање на Патријархот, онака скромно и учтиво: ‘*Убаво ли Ви е ваше Високо Преосвештенство во Македонија?*’ Само толку, ништо повеќе. А тој нека се мисли и нека Севишниот му помогне да донесе храбра одлука. Колегата ме погледна чудно. И јас го погледнав чудно. Чудна тишина завладеа во просторот.

## ИСИХАЗАМ

*Чудни владици има во нашиот Синод*, ми вели истиот пријател. *Еве, вчера на работа се појави родител на еден монах кој ми покажа книга издадена од Владиката Наум. Човекот ми тврди дека во книгата се напишани многу чудни работи, кои повикуваат на лоши нешта, на хипнотизерски нешта.*

*- Сум читал нешто од книгите објавени во Струмичката епархија,* му велам на колегата. *Кажи ми за што се работи, можеби нешто знам.*

*- Па еве за што,* продолжува тој, *за еден збор, не го запомнив најпрецизно, иситаз, ипитаз, така нешто беше.*

*- Да не е исихазам?,* прашувам.

*- Е тоа де, тоа*, вели колегата, па ме потпрашува: *Знаеш ли што е тоа?*

*- Исихазмот е молитвено тихување кое се состои од молитвата ’Господи Исусе Христе, Сине Божји, помилуј ме грешниот’. Ама колега, не гледам дека има нешто лошо во тоа...*

*- Што велиш?*, прашува тој, а јас видов дека моите зборови не му беа интересни.

*- Исихазмот не е грев,* му велам, *тоа е срце!*

*- Добро бе, добро*, ја затвори дискусијата.

И така за момент беше отстранета една голема хипнотизерска опасност за Македонија.

### ПОСТ И МОЛИТВА

*- А, бе, што има да ми се моли Владиката Наум за здравје на новинарите. Еве, ја користам оваа можност да побарам од Здружението на новинарите да направи официјален протест по повод молитвите на Наум за новинарите. Нема право тој да се моли, особено што на ваков начин нè навредува сите, сакајќи да нè потцени. Затоа молам од Здружението на новинарите официјално да реагира по повод постапката на Владиката и да го осуди неговиот чин.*

Вака протестираше еден од присутните гости на Годишното Собрание на Здружението на новинарите по повод најавата на Владиката Наум за пост и молитва за луѓето коишто бранејќи ја МПЦ ги навредуваа нејзините великодостојници. Патем речено простестирачот не беше новинар. Барањето на навредениот беше отфрлено, но факт е дека голем дел од новинарите се ужаснаа од потегот на Струмичкиот Митрополит.

### МОЛИТВА ЗА КРАЈ, ЉУБОВ ЗА ПОЧЕТОК

Во книгата „Раскази на еден поклоник” прочитав една убава молитва што сакам да ја споделам со вас.

- Милостив Господи, нека биде волјата Твоја, која сака сите луѓе да се спасат и да дојдат до познание на вистината: спаси го и помилувај Твојот слуга ( името на човекот). Прими ја оваа моја желба како восклик на љубовта што Сам ја заповеда -

Во истата книга прочитав дека молитвава ја кажуваат луѓето што љубат. Ги кажуваат сите имиња на луѓето што ги знаат, но ги помислуваат и сите имиња на луѓето, животните и растенијата што не ги познаваат. Лесно е да се постигне тоа, треба човек само да ја сака планетата, луѓето, птиците, црвите, Бога.

Тоа е таа незабранета љубов, а возвратена. Тоа е кога кандилото го грее срцето, а пламенот не се гаси, и кога мозокот станува крст. Тоа е таа љубов што сè победува, љубов погласна од сите светски мегафони.

Горан Величковски